17. X 1989

СЛУЖ[...]
НА СОЦИЈАЛИ[...]

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 4 октомври 1989
Скопје
Број 36 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 370.000 динари. Овој број чини 8.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**641.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3297/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на СРМ бр. 45/77, 3/83, 3/85, 42/85, 46/86, 43/87, 24/89 и 28/89), во член 76 став 1 зборовите: „остварен во стопанството на Републиката во претпоследниот месец" се заменуваат со зборовите: „во стопанството на Републиката објавен за последниот месец".

По став 1 се додаваат два нови става кои гласат:

„Просечниот месечен чист личен доход на стопанството во Републиката за последниот месец го утврдува и објавува Координациониот одбор за следење на спроведувањето на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи во СР Македонија.

Загарантираниот личен доход го утврдува и објавува во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика."

Досегашниот став 2 станува став 4.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 септември 1989 година.

**642.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3296/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 1

Во Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ" бр. 32/87 и 18/89), во член 23 став 3 зборовите „две години" се заменуваат со зборовите „триесет месеци", запирката се заменува со точка, а текстот до крајот на ставот се брише.

Член 2

Во член 27 се додава нов став 2 кој гласи:

„На невработеното лице кое има повеќе од 25 години стаж на осигурување, паричниот надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**643.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ДОПЛАТНА ПОШТЕНСКА МАРКА „I КОНГРЕС НА УСАОЈ ВО БИХАЌ"

Се прогласува Законот за плаќање на доплатна поштенска марка „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ",

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3290/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

# ЗАКОН
## ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ДОПЛАТНА ПОШТЕНСКА МАРКА „I КОНГРЕС НА УСАОЈ ВО БИХАЌ“

Член 1

Со овој закон се воведува обврска за плаќање на доплатна поштенска марка „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“, во внатрешниот поштенски сообраќај.

Член 2

Доплатната поштенска марка се плаќа на сите поштенски пратки, освен на весници и списанија, во периодот од 1 септември до 31 октомври 1989 година, во вредност 50% од првата стапка на писмото за внатрешниот поштенски сообраќај.

Член 3

Приходот од доплатната поштенска марка ќе се користи за обезбедување на дел од средствата за финансирање на изградбата на Спомен домот „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“.

Член 4

Средствата од доплатната поштенска марка ќе ги наплатуваат организациите на ПТТ сообраќај.

Организациите на ПТТ сообраќај се должни наплатените средства да ги уплатат на жиро сметката на РО во основање Спомен дом „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“ број 10600-603-1562 кај филијалата на СОК во Бихаќ.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**644.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за обезбедување средства на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор одржани на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3302/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за обезбедување средства на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ“ број 7/86, 45/86, 50/87, 7/88 и 28/89), во член 4 став 1 се додаваат две нови алинеи 1 и 2 кои гласат:

„— по стапка од 4% — обврзниците од дејностите во областа 01 — Индустрија и рударство, гранката 0120 — Производство на камен, чакал и песок; во областа 07 — Трговија, гранките: 0702 — Трговија на големо и 0703 — Надворешна трговија;

— по стапка од 3% — обврзниците од дејностите во областа 01 — Индустрија и рударство, гранката 0111 — Производство на неметални минерали (без градежен материјал)“.

Во досегашната алинеја 1 која станува алинеја 3 зборовите: „0111 — Производство на неметални минерали (без градежен материјал), во областа 07 — Трговија, гранките 0702 — Трговија на големо и 0703 — Надворешна трговија“ се бришат.

По досегашната алинеја 2 која станува алинеја 4 се додаваат две нови алинеи 5 и 6 кои гласат:

„— по стапка од 1,9% — обврзниците од дејностите во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини и 0126 — Производство на готови текстилни производи;

— по стапка од 1,8% — обврзниците од дејностите во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0108 — Производство на руди од обоени метали и 0109 — Производство на обоени метали“.

Во досегашната алинеја 3 која станува алинеја 7 зборовите: „0108 — Производство на руди од обоени метали, 0109 — Производство на обоени метали“, се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**645.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот во земјоделството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3301/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Член 1

Во Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот во земјоделството („Службен весник на СРМ" бр. 37/83, 8/84, 17/84, 3/85, 44/85, 13/86, 11/87 и 29/89), во член 7 по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„— по стапка од 0,95% — за обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство, гранките: 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини, 0126 — Производство на готови текстилни производи и 0128 — Производство на кожни обувки и галантерија".

Член 2

По член 9-а се додава нов член 9-б кој гласи:

„Член 9-б

По исклучок, за 1989 година организациите на здружениот труд во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини, 0126 — Производство на готови текстилни производи и 0128 — Производство на кожни обувки, галантерија, како и во областа 05 — Градежништво, се ослободуваат од плаќање на обврските по овој закон".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**646.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3300/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Во Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88, 18/89 и 26/89), во член 10 по алинеја 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„— по стапка од 0,45% — за обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство, гранките: 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини, 0126 — Производство на готови текстилни производи и 0128 — Производство на кожни обувки и галантерија".

Досегашната алинеја 3 станува алинеја 4.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

---

**647.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ И РЕПУБЛИКАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за системот на финансирање на општините и Републиката,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор одржана на 26 септември 1989 година.

Бр. 08-3299/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ И РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Во Законот за системот на финансирање на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" број 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), во член 24 став 2 стапката „46,0%" се заменува со стапката „48,0%".

Член 2

Во член 25-б, став 1 стапката „54,0%" се заменува со стапката „52,0%.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

---

**648.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ШТЕДЕЊЕТО, СУПСТИТУЦИЈАТА И РАЦИОНАЛНОТО КОРИСТЕЊЕ НА СИТЕ ВИДОВИ ЕНЕРГИЈА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за учеството на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, супсти-

туцијата и рационалното користење на сите видови енергија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3298/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ШТЕДЕЊЕТО, СУПСТИТУЦИЈАТА И РАЦИОНАЛНОТО КОРИСТЕЊЕ НА СИТЕ ВИДОВИ ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Законот за учеството на Социјалистичка Република Македонија во штедењето, супституцијата и рационалното користење на сите видови енергија („Службен весник на СРМ“ број 7/88 и 29/89), во член 2 став 1 по зборот „труд“ се става запирка и се додаваат зборовите: „освен организациите на здружениот труд во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките: 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини, 0126 — Производство на готови текстилни производи и 0128 — Производство на кожни обувки и галантерија, кои издвојуваат 0,4% од доходот на организациите на здружениот труд“.

Член 2

По член 6 се додава нов член 6-а кој гласи:

„Член 6-а

Организациите на здружениот труд во областа 01 — Индустрија и рударство, гранката 0125 — Производство на текстилни предива и ткаенини, 0126 — Производство на готови текстилни производи и 0128 — Производство на кожни обувки и галантерија, како и во областа 05 — Градежништво за 1989 година се ослободуваат од плаќање на обврските по овој закон“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**649.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заемот за вработување,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините одржана на 26 септември 1989 година.

Бр. 08-3295/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за заемот за вработување („Службен весник на СРМ“ број 46/86, 1/87, 24/88, 51/88, 18/89), во член 11 став 3 процентот „60%“ се заменува со процентот „100%“, зборовите: „од средствата наменети за трајни обртни средства“ се бришат, а во алинеја 4 по бројот „10“ се додаваат зборовите „до 20“.

Во став 4 алинеја 2 на крајот запирката се заменува со точка и запирка, сврзникот „и“ се брише, а во алинеја 3 на крајот точката се заменува со точка и запирка и се додаваат три нови алинеи кои гласат:

„— 70% од пресметковната вредност на инвестицијата, доколку се обезбедува вработување на најмалку 20 работници;

— 80% од пресметковната вредност на инвестицијата за современи техничко-технолошки проекти;

— 100% од пресметковната вредност на инвестицијата за проект што се реализира на село“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**650.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Кривичниот закон на Социјалистичка Република Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3294/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Кривичниот закон на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 25/77, 23/84 и 50/87), во член 126 став (1) зборовите: „петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите „пет милиони“.

Во став 2 зборовите: „пет милиони“ се заменуваат со зборовите „педесет милиони“.

Член 2

Во член 137 став (4) зборовите: „милион и петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „петнаесет милиони“.

Член 3

Во член 143 став (2) зборовите: „педесет илјади“ се заменуваат со зборовите: „петстотини илјади“.

Член 4

Во член 144 став (1) зборовите: „петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „пет милиони“.

Во став (2) зборовите: „два милиони и петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „дваесет и пет милиони“.

Член 5

Во член 156 став (2) зборовите: „милион и петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „петнаесет милиони“.

Член 6

Во член 160 став (3) зборовите: „милион и петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „петнаесет милиони“.

Член 7

Во член 161 став (2) зборовите: „милион и петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „петнаесет милиони“.

Член 8

Во член 162 став (1) зборовите: „пет милиони“ се заменуваат со зборовите: „педесет милиони“.

Член 9

Во член 165 став (2) зборовите: „милион и петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „петнаесет милиони“.

Член 10

Во член 166 став (1) зборовите: „петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „пет милиони“.

Во став (2) зборовите: „пет милиони“ се заменуваат со зборовите „педесет милиони“.

Член 11

Во член 168 став (2) зборовите: „педесет илјади“ се заменуваат со зборовите: „петстотини илјади“.

Член 12

Во член 177 став (4) зборовите: „милион и петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „петнаесет милиони“.

Член 13

Во член 178 став (2) зборовите: „милион и петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „петнаесет милиони“.

Член 14

Во член 179 став (2) зборовите: „милион и петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „петнаесет милиони“.

Член 15

Во член 185 став (1) зборовите: „петстотини илјади“ се заменуваат со зборовите: „пет милиони“.

Во став (2) зборовите: „пет милиони“ се заменуваат со зборовите: „педесет милиони“.

Член 16

Во член 239 став (1) зборовите: „еден милион“ се заменуваат со зборовите: „десет милиони“.

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на овој закон започнатите постапки ќе продолжат да се водат се до правосилноста на одлуката пред судовите надлежни според досегашните прописи.

Ако повисокиот суд ја укине одлуката, предметот ќе му се отстапи на стварно надлежниот суд.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**651.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за прекршоците,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3293/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Член 1

Во Законот за прекршоците („Службен весник на СРМ“ бр. 43/84, 42/85, 50/87 и 10/88), во член 31 став 1, бројот „1.500“ се заменува со бројот „15.000“ а бројот „2.500.000“ се заменува со бројот „25.000.000“.

Во став 2 во точка 1 бројот „1.500“ се заменува со бројот „15.000“, а бројот „250.000“ се заменува со бројот „2.000.000“; во точка 2 бројот „5.000“ се заменува со бројот „50.000“, а бројот „2.500.000“ се заменува со бројот „25.000.000“; во точка 3 бројот „2.500“ се заменува со бројот „25.000“, а бројот „1.500.000“ се заменува со бројот „15.000.000“.

Во став 4 во точка 1 бројот „1.500“ се заменува со бројот „15.000“, а бројот „150.000“ се заменува со бројот „1.500.000“; во точка 2 бројот „5.000“ се заменува со бројот „50.000“, а бројот „1.000.000“ се заменува со бројот „10.000.000“, во точка 3 бројот „1.500“ се заменува со бројот „15.000“, а бројот „250.000“ се заменува со бројот „2.500.000“.

Член 2

Во член 32 бројот „15.000“ се заменува со бројот „150.000“, а бројот „45.000“ се заменува со бројот „450.000“.

Член 3

Во член 35 во став 1, бројот „150.000“ се заменува со бројот „1.500.000“, а бројот „5.000“ се заменува со бројот „50.000“.

Во став 2 бројот „150.000“ се заменува со бројот „1.500.000“.

Член 4

Во член 36 став 1 бројот „150.000“ се заменува со бројот „1.500.000“.

Член 5

Во член 42 став 3 бројот „5.000“ се заменува со бројот „50.000“.

Член 6

Во член 95 бројот „150.000“ се заменува со бројот „1.500.000“, а бројот „250.000“ се заменува со бројот „2.500.000“.

Член 7

Во член 110 став 3, бројот „1.000“ се заменува со бројот „10.000“ а бројот „5.000“ се заменува со бројот „50.000“.

Член 8

Во член 161 во став 1 бројот „15.000“ се заменува со бројот „150.000“.

Во став 2 бројот „15.000“ се заменува со бројот „150.000“, а бројот „20.000“ се заменува со бројот „200.000“.

Член 9

Во член 164 став 2, бројот „15.000“ се заменува со бројот „150.000“.

Член 10

Во член 185 став 1, бројот „15.000“ се заменува со бројот „150.000“.

Член 11

Во член 191 во став 2 бројот „45.000“ се заменува со бројот „450.000“, а бројот „450.000“ се заменува со бројот „4.500.000“.

Во став 3 бројот „150.000“ се заменува со бројот „1.500.000“.

Член 12

Во член 234 бројот „250.000“ се заменува со бројот „2.500.000“, бројот „450.000“ се заменува со бројот „4.500.000“, а бројот „1.500.000“ се заменува со бројот „15.000.000“.

Член 13

Во член 263 став 2 бројот „30.000“ се заменува со бројот „300.000“.

Член 14

Законите и другите прописи со кои се предвидуваат прекршоци ќе се усогласат со овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила“.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**652.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ НА АВТОМАТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините одржана на 26 септември 1989 година.

Бр. 08-3292/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ НА АВТОМАТИ

Член 1

Во Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати („Службен весник на СРМ“ број 17/87, 26/87, 51/88), во член 23 по став 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„Играчниците можат да бидат од отворен и од затворен тип

Влезот во играчница е забранет за лица помлади од 18 години“.

Член 2

По член 23 се додаваат два нови члена 23-а и 23-б кои гласат:

„Член 23-а

Играчница од отворен тип може да организира само Лотарија на Македонија во посебно уредени простории за таа цел.

Во играчницата од отворен тип може да се приредуваат сите игри на среќа, освен игрите на среќа со коцки и карти.

Во играчницата од отворен тип добивката во игра на среќа на масите за игра со топчиња може да изнесува најмногу 36 пати повеќе од вредноста на влогот по една комбинација.

Член 23-б

Играчници од затворен тип може да организираат Лотарија на Македонија и организациите на здружениот труд од областа на угостителството и туризмот.

Во играчниците од затворен тип може да се приредуваат сите игри на среќа.“

Член 3

Во членовите 24, 25 став 2, 26 и 27 ставови 1, 2 и 3 по зборовите „играчница“, односно играчницата, се додаваат зборовите: „од затворен тип“.

Член 4

Во член 25 ставот 1 се менува и гласи:

„Државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и лицата вработени во играчницата не можат да учествуваат во игрите на среќа кои се приредуваат во играчниците од затворен тип“.

Член 5

Во член 34 став 2 и член 41 став 1 по зборовите: „други објекти“ се додаваат зборовите: „и простории“, а по зборот „корисниците“ се додаваат зборовите: „односно сопствениците на тие објекти и простории“ и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 6

Во член 34 став 4 и член 41 став 3 зборовите: „не се оддалечени најмалку 0,5 км од“ се заменуваат со зборовите: „се во непосредна близина на“.

Член 7

Членот 64 се менува и гласи:

„Надзор над примената на одредбите од овој закон врши републичкиот орган на управата надлежен за работите на финансиите“.

Член 8

Во член 65 ставот 1 се менува и гласи:

„При вршењето на надзорот, органот од член 64 на овој закон ги прегледува деловните книги, евиденцијата и другата деловна документација на приредувачот на игрите на среќа и на забавните игри на автомати, врши контрола на начинот на остварувањето и распределбата на приходите остварени од игрите на среќа и презема други дејства“.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**653.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ НАГРАДИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за републичките награди,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3291/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ НАГРАДИ

Член 1

Во Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ број 40/87), член 17 ставовите 1 и 2, зборовите: „претходната година“ се заменуваат со зборовите: „последните три месеци на тековната година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

---

**654.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за здравствена заштита,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 и 28 септември 1989 година, и на седницата на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, одржана на 26 и 28 септември 1989 година.

Бр. 08-3289/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83, 43/85, 50/87 и 27/88), во член 48 зборовите: „6 месеци“ се заменуваат со зборовите „1 месец“, а зборовите: „тековната година“ се заменуваат со зборовите „месецот за кој се исплатува надоместокот“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**655.**

Врз основа на член 172 од Законот за државната управа и член 147 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За заменик на републичкиот секретар за внатрешни работи се именува Димитар Шешов, потпретседател на Собранието на град Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3317/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**656.**

Врз основа на член 25 став 2 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ“ број 25/79 и 51/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА — МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА — АРХЕОЛОШКИ, ЕТНОЛОШКИ И ИСТОРИСКИ

Се дава согласност на одредбите на Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Работната организација — Музеј на Македонија — Археолошки, Етнолошки и Историски што се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и на учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето по тие работи, што ја донесоа работниците на референдумот одржан на 25 јануари 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3309/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**657.**

Врз основа на член 249 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 2/86, 29/86, 7/88 и 43/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 26 и 28 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ ВО СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на РО Студентски центар „Скопје“ — Скопје што се однесуваат на правата и обврските на студентите, начинот и постапката за донесување на планови и програми за воспитната дејност, начинот на одлучувањето на претставниците на општествената заедница и условите за именување индивидуален работоводен орган, што го донесоа работниците на референдумот одржан на 28 јуни 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3287/1
28 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**658.**

Врз основа на член 78 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ „КОЧО РАЦИН“ — БИТОЛА

Се дава согласност на Одлуката на Советот на Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух

„Кочо Рацин“ — Битола, со која за директор на Заводот е именуван Пеце Гаштаров, в. д. директор на Заводот.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3315/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**659.**

Врз основа на член 78 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје, со која за директор на Заводот е именуван Велимир Ѓурчиновски, в д. директор на Заводот.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3314/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**660.**

Врз основа на член 92 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ ХЕЦ „ТИТО“ — ГОСТИВАР

Се дава согласност на Одлуката на Работничкиот совет на ООЗТ ХЕЦ „Тито“ — Гостивар, со која за директор на организацијата е именуван инж. Миодраг Јефремоски, досегашен директор на организацијата.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3313/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р

**661.**

Врз основа на член 92 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ ТЕЦ „НЕГОТИНО“ — НЕГОТИНО

Се дава согласност на Одлуката на Работничкиот совет ТЕЦ „Неготино“ — Неготино со која за директор на организацијата е именуван инж. Лазар Димов, в. д. директор на организацијата.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3312/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**662.**

Врз основа на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управувањето и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ООЗТ ХЕЦ „ТИКВЕШ“ — КАВАДАРЦИ

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на ООЗТ „ХЕЦ „Тиквеш“ — Кавадарци, се именуваат:

Марица Георгиевска делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Томе Дракулевски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3316/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**663.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 2/86, 29/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за ликовни уметности — Скопје, се именуваат:

Сокол Симовски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, и

Драги Бошковски, секретар на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3311/1
26 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**664.**

Врз основа на член 4 од Законот за обезбедување и насочување на средства за поттикнување на развојот во земјоделството („Службен весник на СРМ“ број 37/83, 8/84, 17/84, 3/85, 35/85, 44/85, 13/86 и 11/87), Општествениот план на СРМ за периодот од 1986 до 1990 година, Собранието на СР Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 и 28 септември 1989 година, донесе

## ПРОГРАМА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО 1989 ГОДИНА

I

Во Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на СРМ“ број 7/89), во дел I зборовите: „На општествено-политичката заедница кои се водат како депозит во Народната банка на Македонија во износ од 3.300.000.000 динари и од вишоците на приходите над расходите кај Народната банка на Македонија за 1988 година во износ од 2.200.000.000 динари“, се заменуваат со зборовите: „од средствата на вишоците на приходите над расходите на Народната банка на Македонија по завршната сметка за 1988 година во износ од 3.300.000.000 динари и од приходите од каматите од средствата на вишоците на приходи над расходите на Народната банка на Македонија по периодични пресметки во износ од 18.000.000.000 динари“, а износот „25.500.000.000“ се заменува со износот „68.000.000.000“.

Во точка 1 бројот „2.900.000“ се заменува со бројот „5.900.000“, во точка 2 бројот „10.800.000“ се заменува со бројот „30.800.000“, во точка 3 бројот „3.905.000“ се заменува со бројот „11.905.000“, во точка 4 бројот „4.000.000“ се заменува со бројот „8.000.000“, во точка 5 бројот „3.600.000“ се заменува со бројот 10.509.744“ и во точка 6 бројот „295.000“ се заменува со бројот „885.256“.

II

Во дел II во точка 1) алинеја 2 бројот „2.225.000“ се заменува со бројот „5.225.000“.

III

Во дел III став 1) бројот „10.800.000.000“ се заменува со бројот „30.800.000.000“, а во став 2 бројот „180“ се заменува со бројот „1.000“.

IV

Во дел IV точка 1) бројот „3.905.000.000“ се заменува со бројот „11.905.000.000“, во алинеја 1 бројот „2.864.000“ се заменува со бројот „10.864.000“ и вкупно бројот „3.905.000“ се заменува со бројот „11.905.000“; во точка 2) во табелата во колона 4 бројот „2.864.000“ се заменува со бројот „10.864.000“; во точка 1 под а) во колона 2 бројот „450“ се заменува со бројот „670“; во колона 3 бројот „3.500“ се заменува со бројот „20.000“ и во колона 4 бројот „1.575.000“ се заменува со бројот „8.000.000“, во точка 5 колона 4 бројот „173.000“ се заменува со бројот „600.000“, а во точка 6 колона 4 бројот „15.000“ се заменува со бројот „50.000“.

V

Во дел V точка 1) бројот „4.000.000.000“ се заменува со бројот „8.000.000.000“.

Во алинеја 1 бројот „3.960.000“ се заменува со бројот „7.960.000“.

VI

Во дел VI во табелата „Општи мерки“ точките од 26 до 38, Вкупно општи мерки, Вкупно мерки и СЕ ВКУПНИ се менуваат и гласат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26. Републички и сојузни натпревари за високи приноси и тракторски натпревари | 30.000 | — | 30.000 |
| 27. Земјоделско образование и пропаганда | 80.000 | 80.000 | 160.000 |
| 28. Бруто личен доход на службите | 4.815.155 | 4.814.155 | 9.628.310 |
| 29. Бруто личен доход на „Примена“ | 752.024 | | 752.024 |
| 30. Материјални трошоци на службите | 1.506.798 | 1.506.798 | 3.013.596 |
| 31. Материјални трошоци на „Примена“ | 598.755 | — | 598.755 |
| 32. Ревалоризација | 700.000 | 700.000 | 1.400.000 |
| 33. Амортизација | 336.000 | 336.000 | 672.000 |
| 34. К-15 | 72.931 | 72.931 | 145.862 |
| 35. Општествена исхрана | 430.754 | 430.754 | 861.508 |
| 36. Трошоци на Советот за унапредување на индивидуалното земјоделство | 17.000 | — | 17.000 |
| ВКУПНО ОПШТИ МЕРКИ | 9.400.417 | 8.002.638 | 17.403.055 |
| ВКУПНО МЕРКИ | 10.351.654 | 8.353.875 | 18.705.529 |
| СЕ ВКУПНО: | 10.509.744 | 8.353.875 | 18.863.619 |

Во табелата во точка 2 под точките од 1 до 31, како и 33, 34 и 35, Вкупно и пак Вкупно и точката 38 и СЕ ВКУПНО се менуваат и гласат:

| | |
|---|---|
| 1. Берово | 189.412.000 |
| 2. Битола | 409.679.000 |
| 3. Македонски Брод | 319.871.000 |
| 4. Валандово | 94.554.000 |
| 5. Виница | 141.782.000 |
| 6. Гостивар | 358.274.000 |
| 7. Гевгелија | 378.586.000 |
| 8. Дебар | 148.611.000 |
| 9. Делчево | 188.521.000 |
| 10. Демир Хисар | 239.086.000 |
| 11. Кочани | 259.814.000 |
| 12. Кичево | 235.415.000 |
| 13. Крива Паланка | 117.370.000 |
| 14. Куманово | 435.063.000 |
| 15. Крушево | 276.278.000 |
| 16. Кратово | 113.836.000 |
| 17. Кавадарци | 180.088.000 |
| 18. Неготино | 113.421.000 |
| 19. Свети Николе | 64.017.000 |
| 20. Струга | 521.850.000 |
| 21. Струмица | 242.317.000 |
| 22. Скопје | 657.781.000 |
| 23. Охрид | 186.418.000 |
| 24. Прилеп | 332.494.000 |
| 25. Пробиштип | 167.691.000 |
| 26. Радовиш | 274.887.000 |
| 27. Ресен | 330.704.000 |
| 28. Тетово | 499.200.000 |
| 29. Титов Велес | 258.137.000 |
| 30. Штип | 125.824.000 |
| 31. Примена | 1.350.436.000 |
| 32. Републички сојузни натпревари | 30.000.000 |
| 33. Земјоделско образование и пропаганда | 80.000.000 |
| 34. Совет за индивидуално земјоделство | 17.000.000 |
| ВКУПНО: | 9.404.417.000 |
| ВКУПНО: | 10.159.507.000 |
| 38. Зголемена партиципација на неразвиените општини (10—20%) | 351.237.000 |
| СЕ ВКУПНО: | 10.509.744.000 |

VII

Во дел VII, точка 2) бројот „295.000.000“ се заменува со бројот „885.256.000“.

VIII

